20180140153

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56, став 1, точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 29 декември 2017 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Во Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита („Сл.весник на РМ“ бр. 42/2012, 176/2013, 47/2014, 7/2016 и 122/2016), во членот 6-а ставот 7 се менува и гласи:

„Лекарот замена за подолготрајно отсуство изготвува посебна пресметка за исплата на капитација според бројот на поени пресметани за осигурените лица на лекарот кој е на подолготрајно отсуство, согласно критериумите утврдени во актите на Фондот.“

Член 2

Во член 11 став 1 алинејата 4 се брише.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

Бр. 02-18/9
2 јануари 2018 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Фатмир Мецити,** с.р.